# Кредитирање на малиот бизнис

- Поим за кредит;
- Кредитирање на развојот на малиот бизнис;

# Поим за кредит

- Кредитот е еден од најзначајните извори  на финансиски средтсва преку кој се обезбедува нормалното извршување на дејноста на малиот бизнис.

- Кредитот или кредитниот однос е должничко-доверителски однос според кој едно лице кредитор му отстапува на друго лице, корисник на кредитот определена вредност во форма на производи или пари за користење на определено време, под определени услови со обврска примената вредност да биде вратена.

- Кредитниот однос меѓу кредиторот и корисникот на кредитот се заснова врз довербата на кредиторот во должникот која произлегува од нивното меѓусебно познавање или од познавање на определени факти што се од значење за таа доверба.

# Заснoвањето на кредитниот однос се базира на три елементи:

- Отстапување на определена вредност на користење;
- Доверба на кредиторот во кредитираниот;
- Обврска на кредитираниот да ја врати во утврдениот рок примената вредност;

- Кредитниот однос е доброволен и се заснова со склучување меѓусебен договор во писмена форма-договор за кредит.

- Преку кредитот се овозможува слободните парични средства што се наоѓаат кај одделени субјекти да се мобилизираат, да се приберат и да се ставаат во располагање на оние на кои во определен период им се потребни.

# Кредитирање на развојот на малиот бизнис

- Обемот и структурата на финансиски средства кои ќе му бидат потребни на малиот бизнис зависи од три основни фактори:

1. Склоноста на претпријатието кон развојот;
2. Способноста да управува со развојот;
3. Способноста да обезбедува стабилни извори на финансиски средства;

- Постојат три начини на реагирање на малите бизниси во врска со потребата од кредитирање на работењето и однос кон сопствениот развој.

- Во првата група спаѓаат оние претпријатија кои имаат слаба склоност кон развојот, како што се мали бизниси од привремен или сезонски карактер, како и претпријатијата кои обезбедуваат приходи и профит што ги надмунуваат потребите за удобен живот на сопственикот и неговото семејство.

- Високата независност и контрола врз бизнисот не дозволува донесување одлуки за инвестирање и проширување на претпријатието. Ова се случува заради две причини.
- *Прво*, бидејќи постои страв кај сопственикот на претпријатието од губење на самостојноста во донесувањето одлуки и зголемување на зависноста од потенцијалните кредитори;

- *Второ*, бидејќи банките не се заинтерсирани за одобрување кредити поради малиот сопствен капитал на претпријатието и изразената нестабилност, несигурност и краткотрајност на малите бизниси.

- За успешните мали бизниси, финансирањето преку кредити е од големо значење. Во овие претпријатија сопственикот поставува високи критериуми за продажба и профит без да ја намали или изгуби контролата врз работата.

- За постигање на овие цели претпријатието се потпира на сопствените извори на финансиски средства, поддржани со краткорочни кредити, за да се намали влијанието на кредиторот врз работата.

- Развојно ориентираните бизниси се карактеризираат со настојување да се остварат приходи и профит кои не само што се поголеми од потребите за живот на сопственикот, туку значително го надминуваат тоа.
- За да се обезбеди развој преку зголемување на капацитетот, или усовршување на производствениот и на продажниот процес, неопходни се долорочните кредити.

- За развојно ориентираните претпријатија банките одобруваат долгорочни кредити под поволни услови:
- - долг рок на враќање
- - ниска каматна стапка
- - одобрен грејс период итн.

- Банките се заинтересирани за одобрување кредити доколку:
- - средствата се инвестираат во дејности во кои се остварува висок профит;
- - сопственикот учествува во инвестицијата и со сопствени средства;
- -сопственикот го обезбеди враќањето на кредитот со заложување недвижности или преку гарантни фондови кои обезбедуваат враќање на долгот;
- -сопственикот и дозволи увид на банката-кредитор во финансиските извештаи за начинот и ефектите од користењето на кредитот.